


# ПРОМЕНИ ЗА ПОДОБАР ОХРИД

## ОТЧЕТ ЗА ПРВИТЕ 100 ДЕНА

ГРАДОНАЧАЛНИК КИРИЛ ПЕЦАКОВ

НОЕМВРИ 2021 - ФЕВРУАРИ 2022

WWW.OHRID.GOV.MK

# СОДРЖИНА

.100

## ОТЧЕТ ЗА ПРВИТЕ 100 ДЕНА

WWW.OHRID.GOV.MK


04 ВОВЕД

08 ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА

10 КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ

18 УРБАНИЗАМ

24 ОБРАЗОВАНИЕ

42 ТУРИЗАМ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

50 ЖИВОТНА СРЕДИНА

54 КУЛТУРА

60 СОРАБОТКА И ПОДДРШКА

72 ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА




# ВОВЕД



ГРАДНОНАЧАЛНИК КИРИЛ ПЕЦАКОВ

**ДРАГИ СОГРАЃАНИ,**

Изминаа сто дена од раководењето со Општина Охрид, што граѓаните ни го доверија на последните локални избори. Период во кој успеавме да направиме увид во севкупната ситуација во која се наоѓа општината, нејзините служби и јавни претпријатија. Состојбата која ја наследивме воопшто не е розева. Напротив. Но, како што ветивме пред граѓаните, наша цел е Охрид да биде град на младите кои ќе ја градат својата иднина во него, град кој ќе блесне во сиот свој сјај, просперитетен, град на среќни луѓе. И од таа цел нема отстапување. Одговорно, транспарентно, со нови проекти, со компетентни луѓе во периодот пред нас, заедно со сите луѓе со добра волја, оваа благородна и нужна потреба за идните генерации ќе биде остварена.





“САМО ТРАНСПАРЕНТНА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА Е ОДГОВОРНА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА.”

.04

Почитувани охриѓани,

Со преземањето на локалната самоуправа, направивме увид во финансиската состојба на локалната самоуправа и јавните претпријатија. Состојбата ја покажува лавиринтската деценискaта задолженост на општината и јавните претпријатија, што укажува на немање волја или незнаење за надминување на ваквата состојба. Во моментов, Општина Охрид кумулативно со јавните претпријатија, должи 1.354.432.649,00 денари или нешто над 22 милиони евра. Структурно и поединечно овој долг ќе го најдете подетално на страниците на оваа брошура. Она што можеби најмногу загрижува и ја покажува сета несериозност на минатата структура на локалната власт, е новиот долг на ЈП "Водовод" од 1 милион евра во период од нецели две години од формирањето на претпријатието.

При ваквата генерална слика за состојбите во општината, во изминатиов период пристапивме кон стручно и компетитивно екипирање на секторите, службите и јавните претпријатија, за да отпочнеме нов циклус на транспарентно и одговорно работење. При тоа, продолжувајќи ги оние проекти и процеси кои биле во тек, а биле неоправдано закочени во нивната реализација.

Така, во отчетот е видлив и мерлив нашиот напор и труд и промените што за овие сто дена ги спроведовме во сите сфери од работењето на локалната самоуправа. Тука би ги издвоил само најзначајните активности, кои во овој краток период успеавме да ги спроведеме:



Се реконструира улицата "Македонски Просветители", проект вреден околу 38 милиони денари; Интензивно се работи на капиталниот проект за изградба на катна гаража и на проектот за комплетна реконструкција на плоштадот „Чинар"; Континуирано се спроведуваат инфраструктурни зафати во секој дел на општината; Се забрза процесот на решавање на предметите за легализација; Донесени се нови интерни процедури кои јасно ги дефинираат условите за набавка на нафта и користење наученички превоз во рамките на образовните институции;

Завршена е постапката за експропријација на земјиштето во ООУ "Братство Единство" и наскоро се очекува динамизирање на изградбата на ново училиште во соработка со Турската агенција за соработка и координација – ТИКА; Започна со имплементација проектот "Ohrid go", финансиран од ЕУ преку програмата "ЕУ за општините";

Почитувани сограѓани. Ова е само дел од она што успеавме да го направиме во изминативе сто дена. Ве уверувам дека, ништо нема да не спречи да го реализираме нашето изборно ветување и нашата цел: Со посветеност, стручност и одговорност, да создадеме извесна и среќна иднина за сите нас и нашите поколенија.

Со почит,
Градоначалник на Општина Охрид
Кирил Пецаков



# .08

# ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА НА ОПШТИНА ОХРИД И ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Согласно извештајот на стручните служби за констатираните обврски кои Општината Охрид ги има кон доверителите, вкупниот долг изнесува 856,831,830.00 денари.



Во 2019 година, после финансиската помош од Владата на Република Македонија за раздолжување на Општина Охрид, долгот изнесувал 530,000,000.00 денари.

Вкупниот долг е резултат на неподмирени трошоци за редовни обврски во износ од 92.822.895,00 денари, спогодби за регулирање на обврски 42.630.531,00, спогодби компензација 13.210.000,00, обврски врз основ на пресуди 60.445.397,00, главница по извршни решенија 122.131.315,00, камата по извршни решенија и пресуди 135.863.209,00 денари. Потоа следуваат неисплатени обврски по склучени договори во износ од 66.540.052,00 денари и обврски кон Министерство за финансии од 195.604.427,00 денари и други помали неподмирени обврски.



**ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБАТА И ВО ОПШТИНСКИТЕ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА Е СЛИЧНА КАКО И ВО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА.**

- Јавното претпријатие „Водовод“ има долг 309,345,403.00 денари, од кои 244,989,712.00 е долг кон ЈП „Колектор“ делбениот процес, а од основањето, генериран долг од самото ЈП е 61,640,880.00 денари.
- ЈП „Билјанини извори има долг од 78,198,322.00 денари.
- ЈП „Охридски комуналец“ има долг од 60,000,000.00 денари.
- ЈП „Нискоградба“ има долг од 46,657,094.00 денари.
- ЈП „Градски пазар“ има долг од 2,400,000.00 денари.
- ЈП „Градски гробишта“ има долг од 1,000,000.00 денари.

**Вкупно сите претпријатија должат 497,600,819.00 денари.**

**Кумулативно долгот на сите општински јавни претпријатија плус долгот на Општина Охрид изнесува 1,354,432,649.00 денари или околу 22 милиони евра.**

*“Само транспарентна Локална самоуправа е одговорна Локална самоуправа.”*



# КОМУНАЛЕН РАЗВОЈ

*Особено сме посветени на креирање на проекти кои ќе обезбедат подобра инфраструктура за сите граѓани. Нашата цел е Охрид како туристички и урбан центар да добие современа сообраќајна мрежа, модерно уредени јавни површини и подобри комунални услуги.*

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПРОЕКТИ

### СЕ РЕКОНСТРУИРА БУЛЕВАРОТ „МАКЕДОНСКИ ПРОСВЕТИТЕЛИ“

Градежни активности за реконструкција и уредување на Булеварот „Македонски Просветители“ се одвиваат со предвидената динамика согласно проектот.
Со проектот предвидено е да се изврши реконструкција на двете коловозни ленти кои меѓусебно ќе бидат одвоени со зелен појас.
Предвидено е паркирањето на булеварот да биде косо под агол од 45 степени по една страна. Исто така со проектот е опфатена и изградба на велосипедска патека која ќе биде двонасочна и две пешачки патеки.
Вредноста на проектот изнесува околу 38 000 000 денари.

### РАСЧИСТЕНА ДИВАТА ДЕПОНИЈА НА УЛИЦА „ЈОРДАН МИЈАЛКОВ“

Акцијата за расчистување на дивата депонија на улицата „Јордан Мијалков“ во Охрид. Насобраниот отпад и градежен шут ќе бидат депонирани на соодветни локации.

### ЕЛЕКТРОНСКО ПЛАЌАЊЕ ДАНОК НА ИМОТ

Во тек е постапка за електронско плаќање на данок на имот и комунални такси во Општина Охрид. Воведувањето на е-Даноци овозможува граѓаните да користат современ, ефикасен и безбеден начин за подмирување на обврските кон даночното одделение при Општина Охрид со што се заштедува време и се намалуваат трошоците на финансиско работење.
Покрај плаќањето на данок на имот и комунални такси , на правните лица решенијата за комунални такси ќе им се издаваат по електронски пат.

.10





## ПРОЕКТ „МАКЕДОНСКИ ПРОСВЕТИТЕЛИ“

Охрид добива современа сообраќајница во централното градско подрачје



## НОВА ТЕХНОЛОГИЈА ЗА САНИРАЊЕ НА ОШТЕТЕНИТЕ ДЕЛОВИ ОД КОЛОВОЗИТЕ

Оштетените делови на асфалтот започнаа да се третираат со нова технологија. Станува збор за методот на третман на оштетените асфалтни површини со „Plastasphalt“. Со овој принцип се врши санирање на оштетените делови на асфалтот, а служи и како превенција од понатамошно проширување на оштетувањата.

## ПОПЛОЧЕН ТРОТОАРОТ НА УЛИЦА „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“

Се изврши поплочување на тротоарот на улица „Марко Цепенков“ Во моментов се поставуваат бехатон плочки  во должина од 400 метри на потегот од „Стобекс“ до кружниот тек на пресекот меѓу улиците „Марко Цепенков“ и  „Момчило  Јорданоски“.

## РАСЧИСТУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНИ КОРИТА И СУВОДОЛИЦИ

Спроведена акција за расчистување и уредување на речни корита и суводолици. Во  Елшани, се спроведе активност за чистење на корито од суводолицата на делови каде што при зголемени врнежи од дожд локалното население се соочуваше со проблеми.
Исто така се изврши дополнително чистење на коритото од реката „Сушица“, каде се гради потпорен ѕид во должина од 150 метри.





## ИНТЕНЗИВИРАНА ИЗГРАДБАТА НА ТЕКОВНИТЕ ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ

Се интензивира изградбата на тековните инфраструктурни проекти. На терен градоначалникот вршеше увид за динамиката на изградба на проектите кои се во тек. Констатирано беше дека треба да се продолжи со забрзано темпо одвивањето на градежните зафати.

При обиколката опфатени беа проектите за резервоарот за вода во село Подмоље. Каде веќе се постави цевководот. Резервоарот има капацитет од 100 м³ и со неговото ставање во функција ќе се реши долгогодишниот проблем со водоснабдувањето на жителите од ова населено место.




## САНИРАНИ ОШТЕТУВАЊАТА НА КРУЖНИТЕ ТЕКОВИ

Извршена е санација на кружните текови низ градот кои од сообраќајните незгоди беа оштетени. Покрај санирањето, дополнително е поставено ново лед осветлување на истите. Со тоа се очекува да се зголеми видливоста на кружните текови, како не би дошло до сообраќајни незгоди.

## САНАЦИЈА НА ПОТПОРНИ ЅИДОВИ ВО СТАР ГРАД

Во Стариот дел на градот се врши фугирање на потпорните ѕидови. Со овој зафат се превенира од оштетување и рушење на потпорните ѕидови, а со тоа се продолжува нивниот век на траење. Дополнително во зависност од потребите ќе се изврши и целосна санација на растурени или оштетени ѕидови. Активностите ги изведува фирмата „Бокоп", а вкупната вредност на договорите е 750 000 денари.





## НОВА ФЕКАЛНА КАНЛИЗАЦИЈА НА „БУДВА" И „ВИНКОВАЧКА"

Се вршеше изведба на нова фекална канализација на улиците „Будва" и „Винковачка". Градежните активности се одвиваа во две фази, во првата фаза се поставија цевки Ф 300 mm во должина од 225 m и Ф200 mm во должина од 135 m со вкупна вредност од 1,977,516.00 денари и во втората фаза се поставија цевки Ф 200 мм во должина од 70 m со вкупна вредност од 489,903.00 денари. Вкупната вредност на зафатот изнесува 2,467,419.00 денари.

## НОВА КАТНА ГАРАЖА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЛОШТАД „ЧИНАР"

**Интензивно се работи на капиталниот проект за изградба на Катна гаража на потегот кај Градски пазар и на проектот за комплетна реконструкција на плоштадот „Чинар". Во финална фаза се административните процедури за двата проекти и се спроведуваат сите предвидени активности за комплетирање на целокупната документација.**

## УРБАНИЗАМ

.18



# ЗАПОЧНАТА ПОСТАПКА ЗА БРЗО РЕШАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА ЛЕГАЛИЗАЦИЈА

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕДВИЖЕН ИМОТ НА ОПШТИНАТА**

- Урбанистички проекти
  - Одобрени проектни програми - 8
  - Вратени мислења со недостатоци до планер - 23
  - Негативни мислења за проектна програма - 3
  - Одобрени урбанстички проекти - 5
- Распишани јавни расправи - 2
- Урбанистички планови за села
  - Одделението за Комисијата за урбанизам е во релација со АПП и изработувачите на Урбанистички планови за села и постојано вршат коекции и се даваат насоки за сите 18 села
  - Добиени услови за планирање - 15 села
  - Одобрени плански програми - 7 села

*Процесот за брзо решавање на предметите за легализација почнува со предметите за кои е потребна одлука на Советот на Општина Охрид. Предвидено е и формирање на посебен тим од Локалната самоуправа кој ќе ги контактира граѓаните за постапките на решавање на нивните предмети со цел нивно комплетирање и издавање на решенијата за легализација.*

- Одговорени иницијативи - 25
- Техничка исправка - 1
- Годишни програми - 2
- Општи дописи до институции - 86
- Изработени изводи од планови - 77
- Одговор на побарани информации од невладини организации - 14
- Изработени записници од партиципативно тело - 16
- Нанесување на опфати на донесени планови и планови во постапка врз подлогата за планот за крајбрежје
- Анализа и графички прилог на водотеци, реки и суводолници во границите на опфатите на селата
- Извештај за работа за предмети за располагање со градежно земјиште
  Договори за отуѓување градежно земјиште состеност на Република Македонија во систем за е-градежно земјиште - 7
  Решение за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Македонија во систем е-градежно земјиште - 12
  Известување до странки - 30



**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

- Изводи од урбанистички планови - 273
- Електронски изводи - 3
- Изводи од годишна програма за урбана опрема - 3
- Потврда за идеен проект - 12
- Известување за идеен проект - 28
- Одбрение за реконструкција - 17
- Одбрение за основен проект - 9
- Проект за изградба и надградба - 11
- Проект за дворна регулација - 1
- Измена во тек на градба - 11
- Барање за градби за кои не е потребно одобрение за градење - 10
- Адаптација - 1

**Преглед на издадени податоци од геодетско катастраскиот информационен систем, за кои се поднесуваат барања преку е-кат шалтер**

- Имотни листови - 74
- Уверенија за историски преглед на извршени запишувања за катастарски парцели - 5
- Список индикации за катастарски парцели - 13

**Преглед на поднесени пријави за запишување промени во катастарот на недвижности преку е-кат шалтер**

- Пријави за запишување на промена на адресни податоци  - 63
- Пријави за запишување промени во катастарот на недвижности за објекти за кои е донесено правосилно решение за утврдување правен статус на бесправно изграден објекти и делови од објекети - 100
- Пријави за запишување промени во катастарот на недвижности предбележување на градби и предбележување на измени во текот на градбата - 26
- Пријави за запишување на промени во катастарот на недвижности за делови на згради (надградба, адаптација пренамена) - 4

**Поднесени пријави преку е-кат шалтер за запишување недвижности со незапишани права - 44**

**Извештај за работа на предмети за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти**

- Решенија за легализација - 142
- Урбанистичка согласноста - 212
- Заклучоци за прекин во постапка за дополнување на документација - 150
- Решенија за исправка - 5
- Решенија за одбивање - 15
- Дописи за добивање согласност до НП Галичица - 25
- Дописи за добивање на согласност до МЖСПП - 10



- Заклучоци за промена на барател - 47
- Предмети и решенија за утврдување на правен статус за бесправно изграден објект спроведени во АКН –подрачно одделение Охрид - 49
- Предмети за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект за кои е извршен увид на лице место од Комисија - 106

**Подготвена е документација за над 70 предмети за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и доставени се до Советот на општина Охрид**

Изготвени се над 100 предмети за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект.

Тековно се изготвуваат дописи до странки 19, до инспекторат 10

- Одговори на жалба по предмет по жалба и истите се доставуваат до второстепен орган за одлучување
- Известие до странки - 19
- Барање до Одделение за инспекторат 0
- Реконструкција на премет за легализација - 3
- Решение за ништовност - 1
- Заклучок за исправка на грешка - 1
- Согласност за поставување на урбана опрема - 4
- Решение за одбивање за поставување на урбана опрема - 2
- Договор за поставување на урбана опрема - 2
- Одобрение за поставување на урбана опрема - 4
- Информации од јавен карактер - 5



# ОБРАЗОВАНИЕ

*БРОЈНИ ПРОЕКТИ ЗА ПОДОБАР ВОСПИТНО - ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС НА НАШИТЕ ДЕЦА*

.24

- НЕПРЕЧЕНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД
- КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО РАМКИ НА ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ
- ПРОЕКТИ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА
- НАЈДОБРА ГРИЖА ЗА МЛАДИТЕ ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „ЈАСНА РИСТЕСКА“




## НЕПРЕЧЕНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД

- Секторот редовно и навремено секој месец ја обработува платата на вработените во образовните институции и се грижи да се обезбедени сите услови за настава и да бидат покриени режиските трошоци.
- Само во текот на месец декември 2021 година, кон основните образовни институции се трансферирани вкупно 7.900.000,00 денари, а кон средните 3.376.000 денари со што е исплатен значителен дел од нивните тековни и заостанати обврски . За реализација на оваа активност значаен беше ангажманот и на Секторот за финансиски прашања;
- Организирана е јавна трибина за прибирање идеи во врска со составување на програмите;
- Изработени се нови програми за работа на Секторот кои се усогласени согласно правилата предвидени во рамки на буџетскиот циркулар со што програмите се поделени на годишни и развојни . Истите се усвоени од страна на Советот на Општина Охрид и периодов се работи по нив.
- Распишани се конкурсите за доделување ученички стипендии од основно и средно образование, посебни стипендии за талентирани ученици од 1-ва година во средно образование како и студентски стипендии. За оваа цел се изработени и правилници за секоја категорија посебно, а формирана е и стручна комисија која има обврска да ги спроведе конкурсите. Дефинирани се нови правила и критериуми кои ќе овозможат транспарентна и законита постапка на доделување на стипендиите.
- Донесени со нови интерни процедури кои јасно ги дефинираат условите за набавка на нафта и користење на ученички превоз во рамки на образовните институции.



- Направена е контрола со записник потпишан од комисија на резервоарите за нафта во образовните институции и детска градинка со што е констатирана состојба во која истите ги затекнавме.
- Реализирана е активност за набавка на наставни помагала, проектори и интерактивни табли. **Вредноста на проектот е 1.871.000,00 денари.** Истите по утврдени критериуми се предадени на училиштата во Општина Охрид.
- Продолжува реализацијата на проектот за субвенционирање на превозот за наставниците кои патуваат од руралните средини (меморандум за соработка помеѓу СОНК и општина Охрид)
- Формирана општинска комисија за трансформација на работниот однос на вработените во образовните институции



- Дадени се 11 согласности за ангажирање наставен кадар по основ замена или испразнето место во образовните институции и тоа 9 во основно и 2 во средно образование.
- Во соработка со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност започната е постапка за решавање на стар проблем од 2018 година со блокирани средства за три училишта преку програмата ЕРАЗМУС ПЛУС.



# КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО РАМКИ НА ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ



*СРЕДБА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ПЕЦАКОВ СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА ТИКА*



## ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО ОД ООУ „БРАТСТВО ЕДИНСТВО“

Завршена е постапката за експропријација на земјиштето во рамки на ООУ„Братство и единство“ кај Крст Џамија со што е добиен чист имотен лист. Изработен е АУП за чии потреби е нарачана ажурирана геодетска подлога. Наскоро АУП- от ќе биде усвоен . во овој дел е воспоставена комуникација со донаторот на ова училиште ТИКА и во моментов се прават напори да се врати одобреното финансирање на овој проект кој е многу значаен за Општина Охлрид, а во моментот не се направило ништо за негова резлизација . Предвидени се средства и за рушење на стариот објект, а во блиска иднина ќе следува и елаборат околу одвивањето на наставата во ова училиште во периодот додека се гради.

## СЕ ИНТЕНЗИВИРА ПРОЦЕСОТ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВА УЧИЛИШНА ЗГРАДА НА ООУ „БРАТСТВО ЕДИНСТВО“ СО ПОДДРШКА НА ТИКА

Градоначалникот на Општина Охрид, Кирил Пецаков во седиштето на Турската агенција за соработка и координација –ТИКА во Скопје присуствуваше на работен состанок во врска со интензивирање и динамизирање на процесот за изградба на нова училишна зграда за ООУ „Братство Единство“ во непосредна близина на „Крст Џамија“.
Градоначалникот Пецаков ја истакна заложбата и посветеноста на Општина Охрид за конечна реализација на овој проект. Воедно изрази жалење за застојот во активностите, пред се поради досегашната непосветеност на локалната самоуправа за конечна реализација на овој значаен проект.
Проектот предвидува комплетна изградба и опремување на нова училишна зграда и изградба на нова спортска сала. Новиот училишен објект ќе обезбеди значително подобрени и посовремени услови за одвивање на наставата и поквалитетен образовен процес.



## ПОЧЕТОК НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА СПОРТСКА САЛА ВО ОУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ ВО ЛЕСКОЕЦ

По однос на проектот за изградба на уичилишна спортска сала во ОУ „Ванчо Николески“ во с. Лекоец, утврдена е нова локација за изградаба на истата . Во моементов пред Упраавата за имотно правни работи во Охрид се води постапка за бришење корисничко право на ЈП за Стопанисување со пасишта кое на наше бара испрати допис дека се откажува од истото по шлто следува чист имотен лист. Преку посебна програма пред видена во Законот за градење ќе се донесе урбанистичко – планската документација од страна на Министерството за транспорт и врски по што ќе следлува одобрение за градба. Оечекуваме овој процес да заврши до 01.04 2022 година, а од информацииете кои ги добиваме средствата за изградба на салата во рамки на МОН се обезбедекни.



## ПОСТАПКА ЗА ИЗГРАДБА НОВ ОБЈЕКТ ВО ООУ „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“

Во фаза на проектирање е проектот за изградба на ново училиште кај сегашното ООУ „Григор Прличев“. Проектот е финансиран од УНДП за чија намена е изработена проектна програма. Дефиниран е опфатот за изработка на новиот ДУП на тој простор, а изработена е ажурирана геодетска подлога и обзбедени се хидротехнички услови.



## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФАСАДАТА ВО ОУ „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“

Завршен е проектот и изадано е одобрение за реконструкција на фасадата во ОУ „Св. Наум Охридски“ во с. Пештани. Од страна на Министерството за образование и наука во моментов се очекува датум за отпочнување на градежните активности.

## НОВА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ВО ОУ „БРАТСТВО ЕДИНСТВО“

Завршен е проектот за замена на водоводна и канализациона мрежа во рамки на ОУ “Братство Единство“ – Лескајца.

**Вкупна вредност на проектот 600.000,00 денари.**

## ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ФАСАДА ВО СОСУ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

Завршен е тендерот за изградба на нова енергетски ефикасна фасада во рамки на СОСУ „Св. Кирил и Методиј“- Охрид. Наскоро се очекува да започнат градежните активности. Во ова училиште завршен е тендерот за промена на електричната инсталација, а ќе биде реобјавен тендерот за набавка на топлотни пумпи (првичниот беше поништен поради високи цени); постои проект за партерно уредување на просторот пред ова училиште и за тоа ќе следува тендерска постапка.

**За овие активности се предвидени средства во вкупен износ околу 20.000.000,00денари обезбедени од блок дотација.**



## ВНАТРЕШНО И НАДВОРЕШНО УРЕДУВАЊЕ НА ГИМНАЗИЈАТА „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

За гимназијата „Св. Климент Охридски“ изработени се проекти за внатрешно и надворешно уредување и изградба на нова ограда. Проектите се испратени во Завод и музеј Охрид кој треба да ги препрати до Управата за заштита на културното наследство од каде очекуваме да биде издадено конзерваторско одобрение . Паралелно се решаваат имотно правните работи да се добие чист имотен лист и се работи проектот за електрика за надворешното уредување.

**За оваа намена се предвидени средства во вкупен износ поголем од 24.800.000,00 денари обезбедени од блок дотација .**

## АКТИВНОСТИ ЗА ИЗГРАДБА НА ЛИФТ ВО ЕМУЦ „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“

Во рамки на ЕМУЦ се очекува наскоро да започнат градежните активности за инсталација на лифт за кој е завршена процедурата за издавање на одобрение за градба, а средствата се обезбедени од МОН. Преку Светска Банка обезбедено е финансирање за комплетна реконструкција на три основни училишта од Општина Охрид и тоа: ОУ „Христо Узунов“, ОУ „Братство и Единство“- Лескајца и ОУ „Св. Климент Охридски “- Охрид. Осумдесет отсто од финансирањето е поволно задолжување на Општина Охрид, а дваесет отсто на вкупниот износ е грант. Завршена е јавната дебата, пополнети се потребните прашалници, формирано е координативното тело во рамки на Општина Охрид и се е испратено до Единицата на Светска Банка. Наскоро се очекува да започнат теренски посети и и конкретни активности за изработка на проектна документакција.

## ПРОЕКТИ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

- Организирана е јавна трибина за прибирање идеи во врска со составувањето на програмата.
- Објавен и спроведен е јавен повик за прибирање на проектни идеи на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита. За таа цел изготвен е правилник за начинот, постапката и критериумите за евалуација и формирана е комисија која ги разгледа проектните идеи. Донесена е одлука активностите на здруженија на граѓани од областа на социјална заштита да бидат поддржани и внесени во програмата. Некои од нив веќе започнаа реализација на своите активности за што е изготвена потребната документација која е обврска на Секторот.
- Тековен е проектот што Општината го работи заедно со УНДП преку кој се ангажирани 9 образовни асистенти во рамки на средните училишта.
- Подготвена е одлука на Советот за субвенционирање на трошоци за комунални услуги заедно со комплетна пропратна документација. Откако одлуката ќе биде усвоена следи јавен повик.
- За првпат во Општина Охрид е објавен конкурс за доделување на стипендии на редовни ученици, студенти, магистранти и докторанти наменет за лица со ретки болести и посебни потреби. Изготвен е правилник, постапката е во тек
- Објавен е јавен повик за финансиска поддршка за центар кој згрижува и третира деца со атипичен развој. Поддршката е наменета за деца кои потекнуваат од социјално загрозени се мејства. Изготвен е правилник, постапката е во тек.



## НАЈДОБРА ГРИЖА ЗА МЛАДИТЕ ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „ЈАСНА РИСТЕСКА“

**АКТИВНОСТИ ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „ЈАСНА РИСТЕСКА“**

Тековни се активностите и во оваа институција се контролираат платите и се сервисираат режиските трошоци . Направена е контрола на резервоарите за нафта на сите објекти од градинката. Во тек е изработка на проект за промена на азбестен кров во објект „Лихнида“ Дадена е согласност за ангажирање на 21 лице преку Агенција за привремени вработувања.



# СОЦИЈАЛНИ АКТИВНОСТИ

*Социјалната заштита игра клучна улога во јакнење на отпорноста кај децата, семејствата и заедниците, како и при поддршка на човековиот и економскиот развој во земјата. Секој поединец или семејство, заслужуваат шанса за подобри услови за живот во заедницата*

## ОТВОРЕНА ПРВАТА СЕНЗОРНА ГРАДИНА ВО ООУ „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“

ООУ „Григор Прличев“ е првото училиште во Охридско-струшкиот регион кое доби сензорна градина, како дел од проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“, кој го имплементира Фондацијата „Чекор по чекор“ со поддршка на ХАЛК банка.
Сензорните градини се новитет во нашата држава, а ООУ „Григор Прличев“ веќе има вакво опремено катче. Градината нуди широк спектар на сензорната стимулација и со нејзиното користење ќе се подобри пристапноста до образовните програми за сите ученици.

## ГО ПОДДРЖАВМЕ ПРВИОТ РЕГИОНАЛЕН САЕМ НА СОЦИЈАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ОД ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН

Социјалното претприемништво е еден од начините за постигнување на социјална хармонија и економска стабилност за сите граѓани.
Социјалните претпријатија претставуваат иновативен економски модел кој овозможува услови за инклузија на сите лица кои немаат сигурна егзистенција.





ПРВА СЕНЗОРНА ГРАДИНА ВО ООУ „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“

Општина Охрид е подготвена за соработка и партнерство во целокупниот процес за развивање на локални иницијативи за социјално преприемништво. По примерот на современите европски практики, ги поттикнуваме сите компании, невладини организации, образовни институции и другите социјални установи активно да се вклучат во овој процес.

## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КИРИЛ ПЕЦАКОВ ГО ПОСЕТИ ЦЕНТАРОТ ЗА ТРЕТМАН НА ДЕЦА СО АУТИЗАМ

Во посета на Центарот за третман на деца со аутизам кој функционира во просториите на Општа болница Охрид, беше градоначалникот Кирил Пецаков. Од страна на вработените беше запознаен со начинот на фукционирање и работење на Центарот, но и за нивните потреби. Локална самоуправа се обврза да изнајде начин за субвенционирање кој ќе биде финасиско олеснување на родителите чии деца го посетуваат Центарот.





## МАПИРАНИ ПРОБЛЕМИТЕ И ПОТРЕБИТЕ НА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ВО ОПШТИНА ОХРИД

По повод Меѓународниот ден на лицата со посебни потреби, 3-ти декември во Општина Охрид се одржа презентација на Извештајот од истржувањето „Мапирање на проблемите и потребите на децата/лицата со посебни потреби во Охрид“ кое го реализираше Здружението за воспитно образовна психо-социјална поддршка „ВОПС“ со финансиска поддршка на Општина Охрид.



# ТУРИЗАМ И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ



# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПРОЕКТИ

*Бројни проекти реализира Секторот за Туризам и локален Економски развој (ТЛЕР) во првите 100 дена од мандатот на градоначалникот Кирил Пецаков, меѓу нив се издвојуваат:*

**ПОЧЕТОК НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „OHRID GO“**

На 01.12 2021 година започна со имплементација проектот „OHRID GO“,финансиран од страна на Европската Унија преку програмата EU for Municipalities. Во рамки на проектот предвидена е реализација на Smart Ideas HUB, односно Старт – ап центар, Адреналински парк и Pump Up патека, како и Smart City Bike System каде ќе бидат набавени 60 смарт велосипеди, кои ќе бидат поставени на 10 докинг станици ( паркиралишта) со што населението и посетителите на иновативен начин, преку посебна апликација ќе можат да ги користат во градот и околината. Воедно во рамки на проектот ќе биде изработена генерална физибилити студија со акционен план за долгорочен развој на поранешната касарна, која се предвидува да прерасне во технолошко- рекреативна зона.

Вредноста на проектот изнесува 716.766,00 евра.



## ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТНА АПЛИКАЦИЈА ДО ЈАПОНСКА АМБАСАДА

Изготвена е проектна апликација до Јапонска амбасада за Јапонска Грант помош (Japan`s grant assistance for grassroots human security projects ( the GGP/ KUSANONE) за набавка на едно социјално комунално возило: Комбе Фургон со агрегат за чистење на канализација во товарен простор, за потребите на ЈП „Нискоградба". Изминатиот период активно се собираа и обработуваа податоци од општината и ЈП Нискоградба согласно барањето на амбасадата. Апликант е Општина Охрид, а краен корисник е ЈП „Нискоградба".

## АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ТРИ ПОДПРОЕКТИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Во изминатиот период градоначалникот Кирил Пецаков формира тим кој ќе е овластен да ги преземе сите неопходни активности за успешно спроведување на под- проектите за училиштата. За таа цел, веќе е доставена комплетната документација која беше побарана од единицата за управување на Светска Банка при министерството за финансии. Истовремено се организира и одржа јавна дебата на која сите заинтересирани жители на Охрид имаа можност да достават свои предлози кои беа вклучени како составен дел на доставената документација. За секое од училиштата се формира и Одбор на корисници, а од страна на стручните служби при општина Охрид беа изработени прашалници од областа на социјала и животна средина.



Доставената документација беше одобрена при што во наредниот период ќе преминеме на следната активност која вклучува вршење на сеизмички скрининг на објектите во под проектите при што потоа ќе следи изработка на проектно техничка документација за Енергетско ефикасни мерки за секој под проек со финансиски средства од Светска Банка. Со оглед на тоа дека активностите предвидуваат реконструкција на три училишта со ЕЕ мерки(ООУ „Св. Климент Охридски", ООУ „Христо Узунов" и ООУ „Братство Единство"- Лескајца) сите активности се реализираат во соработка со Секторот за образование при Општина Охрид.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР

Започната е постапка за ставање во функција на Туристички информативен центар чија основна цел ќе биде промоција на туристичките вредности и производи на Охрид . Давање информации од областа на туризмот, културата, спортот и слично како и дистрибуција на промотивен туристички материјал за градот Охрид. Планирано е туристичкиот информативен центар да е лоциран во централното градско подрачје каде фреквенцијата на туристи и посетители е најголема, односно во непосредна близина на градското пристаниште.

## АЖУРИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ ПРОМОТИВЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ГРАДОТ ОХРИД

Во изминатиот период пристапивме кон ажурирање на промотивниот материјал на Општина Охрид со што очекуваме во најскоро време да се надмине проблемот со недостиг на промотивен материјал за туристички цели.

## ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТНА АПЛИКАЦИЈА ВО СОРАБОТКА СО ПАРТНЕРСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Проектниот предлог под работно име Youth Resilience Center- Ohrid ја помина првата фаза како концепт во рамките на годишната акциона програма ИПА 2020. Граѓанско општество – за поотпорно и покохезивно општество – (Civil society for a more resilient and cohesive society), која преку имплементација на активности на цивилните организации, пред се младински, има за цел да спроведе владеење на правото во земјата преку зајакнување на системите за правда и внатрешни работи.

Предложениот проект ќе се пилотира во Општина Охрид како центар на Југозападниот регион. Финалната апликација на проектниот предлог се изработува во партнерство со Евротинк – Центар за европски стратегии од Скопје, а планирањето на активностите како и имплементацијата на проектот ќе се одвива преку тесна соработка со конзорциум од локални граѓански организации, Локалниот младински совет, Општина Охрид и други засегнати страни.

Со реализација на овој проект планирано е:



- Обезбедување опрема ( хардвер и софтвер ) за младинскиот простор
- Водење шема за маали грантови наменети за локалните организации и иницијативи
- Обезбедување неформално образование што ќе се спроведува на локално ниво како дел од проектот . Граѓанско образование, вештини кои ја подобруваат вработливоста на младите, Меки вештини, Кариерно советување.

## АКТИВНОСТИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА САЕМ ЗА ТУРИЗАМ ВО ОХРИД

Одржани се подготвителни состаноци за одржување на Саем за туризам во Охрид, кој би се одржал кон крајот на месец Април. Саемот е планирано да ги опфати туристичките оператори од државата и странство. Воедно планирано е одржување на бизнис форум како и други манифестации.



## ПРАВИЛНИК ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ТАКСАТА ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ

Вршители на угостителска дејност  во Општина Охрид при евиденцијата за престој на гостите во своите сместувачки капацитети, можат да остваруваат субвенции на уплатената такса за привремен престој  во износ од 80 % од уплатената такса за период надвор од туристичката сезона. Со овој проект се поттикнуваат физичките лица кои вршат угостителска дејност уредно да ги водат книгите за евиденција на домашни и странски гости.





# .50

# ЖИВОТНА СРЕДИНА

ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЗАШТИТА И ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ПРИ ОПШТИНА ОХРИД ВО ПРВИТЕ 100 ДЕНА ОД МАНДАТОТ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КИРИЛ ПЕЦАКОВ РАБОТЕШЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЛЕДНИВЕ АКТИВНОСТИ:

- Учество во подготовка на Нацрт законот за прогласување на Студенчишко блато за Парк на природата.
- Учество во подготовка на Студијата за валоризација на Охридското Езеро за прогласување на Споменик на природата.
- Спроведување на постапка за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за УПВНМ Горица- Север, општина Охрид (секојдневна писмена комуникација so НВО Фронт 21/42, Охрид СОС, извршена контрола од страна на овластен инспектор за животна средина за законитоста на спроведената постапка по барање на НВО, на барање на Државната комисија за спречување корупција, а по претставка од НВО Фронт 21/'„ изготвување на комплетен одговор за целокупната постапка и достава на целокупната документација по предметот ДКСК)
- Спроведување постапка за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за УПВНМ Горица- Исток опфат 1, Општина Охрид.
- Спроведување постапка за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина за стратегијата за рурален развој на Општина Охрид.
- Спроведување постапка за стратегиска оценка на влијанието врз животната средина за Стратегијата за туризам на Општина Охрид.
- Извршена контрола на работата на Одделението за заштита и влијание врз животната средина за постапување со заштитените природни реткости на подрачјето на Општина Охрид од страна на Државниот инспекторат за животна средина.
- Изготвување Оперативен план за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачје на територијата на Општина Охрид согласно Законот за води, а по задолжение на инспектор за Водостопанство со РЕШЕНИЕ ИП бр. 09-51 од 07.7 2021 година( постапката за донесување на документот не е завршена)
- Изготвување Програма за заштита на животната средина и природата за 2022 година.
- Одобрение Елаборати за заштита на животната средина- 7 (седум)

- Учество на повеќе online работилници (за климатски промени, родово одоворни политики  и буџетирање; климатско означување на буџетот во РСМ)
- Подготовка на документација на делот за животна средина за проектите за енергетска ефикасност за реконструкција на ОУ „Христо Узунов“. ОУ „Братство Единство“ – Лескајца и ОУ „Св. Климент Охридски“
- По налог на раководителот на Секторот изготвување на упатства и интерни акти за работа
- Работа на предмети  од Комисијата  за отстранување опасни дрва на територијата на Општина Охрид – издадени 15 (петнаесет) решенија.
- Во соработка со МЖСПП и Општина Дебрца подготовка на заедничко одбележување на Светскиот ден на водните живеалишта 02.02. 2022 на тема „Кон подобро управување со Охридското Езеро, Студенчишко Блато и Белчишко Блато (ZOOM платформа).





# .54

# КУЛТУРА





КОНЦЕРТ ВО ООУ „МЕТОДИ ПАТЧЕ“



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ТРАДИЦИОНАЛНАТА ИЗЛОЖБА ОД ФОТО КЛУБОТ „ОХРИД“

## ОДБЕЛЕЖАН СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ-ПАТРОН НА ОХРИД

Со дводневна свеченост Општина Охрид го одбележа 8-ми Декември –Денот на Свети Климент Охридски – Патронот на Охрид. Добитник на највисокото општинско признание, наградата Св. Климент Охридски- Патрон на градот Охрид беше академик Љупчо Коцарев, а на повелбата Гордана Лолеска, здружението „ЕКО ФАП“ и постхумно Мишко Јузмески.

Свеченостите во чест на Св. Климент Охридски општината ги организира во соработка со образовните институции кои го носат неговото име.

## „ЦРВЕН ТЕПИХ НА ХУМАНОСТА“ СЕ ОДРЖА НА БАДНИК

По повод големиот христијански празник Божик годинава на Бадник наместо масовната „Бадникова поворка за навестување на христовото раѓање се одржа „Црвен тепих на хуманоста “. Покровител на настанот беше градоначалникот на Општина Охрид, Кирил Пецаков. Настанот се организира во соработка со Македонската православна црква, ЈУДГ „Јасна Ристеска“, општинските основни училишта и Здружението за грижи и воспитување на деца. На случувањето хумани граѓани донираа социјални пакети кои подоцна беа распределни кај социјално загрозени семејства.




## ОДРЖАН ВАСИЛИЧАРСКИОТ КАРНЕВАЛ

Во организација на Општина Охрид и МЗ Куратица во с. Куратица се одржа традиционалниот “Василичарски карневал”.

## ДАЛИМИР ХАЈКО ДОБИТНИК НА СВЕТСКАТА НАГРАДА ЗА ХУМАНИЗАМ

Во очи на Богојавленските празнувања, а согласно протоколите за заштита од Ковид 19 се одржа Меѓународна онлајн конференција: „Охридската школа на хуманизмот од средниот век до денес во Европа и Светот“, посветена на годинешниот добитник на светската награда за хуманизам, академик Далимир Хајко од Словачка.



Во чест на годинешниот добитник пригодно обраќање имаше градоначалникот на општина Охрид, Кирил Пецаков, а беседа за добитникот одржа и претседателот на Интернационалното жири, амбасадорот Јордан Плевнеш. На конференцијата присуствуваа и претседателот на МАНУ, Љупчо Коцарев, претседателот на Европската академија на науките Жан-Патрик Конрад, амбасадорот на Р.Словачка во Република Македонија, Хенрик Маркуш.

## СЕ ОДРЖА ВЕРСКАТА МАНИФЕСТАЦИЈА „БОГОЈАВЛЕНИЕ –ВОДИЦИ“

Под покровителство на Општина Охрид и Македонската православна црква – Охридска архиепископија се реализира најзначајната и најголемата верска манифестација во Македонија и во целоклупниот православен свет “Богојавление – Водици“.



По завршувањето на чинот на положување на светиот крст во водите на Охридското Езеро, точно на пладне, на градскот плоштад се одржа концерт на групата „Љубојна“.
По повод празникот Општина Охрид додели хуманитарни пакети на семејства што се во социјален ризик.

## СЕ ОДРЖАА „ПРЛИЧЕВИТЕ БЕСЕДИ“

Со бројни активности се одржа манифестацијата “Прличеви беседи“. Годинашен лауреат беше Трајче Коцаров за поемата „Цветко“. За животниот пат и творештвото на Кацаров, зборуваше драматургот Зоран Пројкоски, а свое обраќање имаше и градоначалникот Кирил Пецаков. Претставувањето на наградената поема “ЦВЕТКО“, нејзините литературни и уметнички вредности пред присутните ги образложи претседателката на жири комисијата Маја Јакимоска - Тошиќ, а делови од поемата рецитираа актерите Билјана Билаловиќ и Павел Маслов.

Заблагодарувајќи се на наградата, лауреатот Кацаров, истакна дека во своето творештво секогаш се потпира на делата на големите писатели, поети и философи, прибележувајќи одредени мисли, кои понатака во процесот на творечката имагинација секогаш ја имаат во себе потребата да си биде љубен, зошто поетот не постои без љубовта.

Во рамки на програмата, беше промовирана монографијата “Прличеви беседи (1952-2022) Хроника на еден културен настан“ од авторите Гордана Змејкоска и Милчо Јованоски.

Претходно во рамки на „Прличевите беседи“ се одржа промоција на книгата „Охридски раскажувачи“ од професорите Димитар Пандев и Славе Ѓорго Димоски.

„Прличевите беседи“ завршија со панихида на гробот од венецоносецот по што градоначалникот Кирил Пецаков им врачи награди на учениците Марија Јакимоска и Кирил Мартиноски чии литературни творби беа избрани за најдобри по претходно распишан литературен конкурс на Општина Охрид.





# ПРОТОКОЛАРНИ СРЕДБИ

### СРЕДБА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КИРИЛ ПЕЦАКОВ СО АМЕРИКАНСКАТА АМБАСАДОРКА КЕЈТ МАРИ БРНЗ

Се разговараше за веќе воспоставената добра меѓусебна соработка, но и за можностите за продлабочување на соработката.
Во разговорот, амбасадорката ги пренесе искуствата од државата Вермонт во развојот на екотуризмот кои целосно може да се применат и во Охрид. Исто така, амбасадорката истакна дека постои можност и за соработка во областа на образованието со оваа држава.
Заеднички беше потенцирано дека во иднина меѓусебната соработка ќе се унапредува во повеќе области.

### ОСТВАРЕНА СРЕДБА СО ЕВРОАМБАСАДОРОТ ДЕЈВИД ГИР

Евроамбасадорот Дејвид Гир, беше во посета на Охрид. Тој, заедно со градоначалникот Кирил Пецаков, го посетија просторот на поранешната касарна, каде што предвидено е да се имплементира проектот „OHRID Go“.





Евроамбасадорот Гир истакна дека ЕУ е подготвена и понатака да поддржува развојни проекти кои се во насока на обезбедување подобри комунални услуги на граѓаните, исполнување на зелената агенда, заштитата на животната средина, како и за младите луѓе да можат да дадат придонес во општеството.





## СРЕДБА СО ЈАПОНСКИОТ АМБАСАДОР СЕВАДА ХИРОНОРИ

Во рамки на својата посета на Охрид, Амбасадорот Савада Хиронори оствари и протоколарна средба со градоначалникот Кирил Пецаков на која беше разговарано за можностите за идна соработка, за економскиот развој на општината и можностите за поголема туристичка промоција на културното и природното наследство на Охридскиот регион.



## ОСТВАРЕНА СРЕДБА СО ЗАМЕНИК АМБАСАДОРОТ НА ГЕРМАНИЈА ОТО ГРАФ

Разговаравме за значењето на странските инвестиции во Охрид, како и за можноста за привлекување на нови.
Ја истакнав важноста и задоволството од соработката со постоечките германски инвестиции во Охрид, како и поддршката на амбасадата во реализација и финансирање на проекти.

## ТРАНСПАРЕНТНА РАСПРЕДЕЛБА НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА ДО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Правилна распределба на буџетските средства, особено од општинскиот буџет, со цел да се овозможи покорисно и потранспарентно префрлање на средства до граѓанските организации беше разговарано на работната средба со Билјана Георгиеска од УНДП и градоначалникот Кирил Пецаков.

Заеднички беше заклучено дека проектот "Регионална програма за локална демократија на Западниот Балкан" (ReLOaD2) на УНДП кој почнува да го применува Општина Охрид е повеќе од неопходен затоа што соодветната распределба на јавните финансии ги потврдува добрите намери на институциите за одговорно управување со јавното трошење.



## СРЕДБА ПОМЕЃУ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КИРИЛ ПЕЦАКОВ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКА КОМОРА БРАНКО АЗЕСКИ

Градоначалникот Кирил Пецаков оствари средба на претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески. На средбата претседателот Азески му го честиташе изборот за нов градоначалник на Охрид и му посака успех во неговата работа.

Се разговараше и за прашањата поврзани со децентрализацијата, потенцијалите за заеднички проектни активности во рамки на програмите на ЕУ, Коморскиот инвестициски форум и другите меѓународни организации. Охрид, како најголем туристички центар има одлична соработка со здружението на угостителството и туризмот при СКСМ и затоа ќе се вложат дополнителни напори за продлабочување на соработката во оваа област. Туризмот, во заложбите на Комората, има приоритетно место во добивањето на статус на извозно-ориентирана дејност, со што конкретно ќе се смени и односот на државата кон гранка која има потенцијал да направи раст.

## СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ НА ГИЗ

Градоначалникот на Охрид, Кирил Пецаков оствари работна средба со Марк Барет и Јован Гавриловски од Германската организација за меѓународен развој (ГИЗ). На состанокот се разгледуваа можностите за меѓусебна соработка и реализација на проекти.
Средбата се оствари во контекст на новиот проект "OHRID GO", кој го имплементира општина Охрид, а е финансиран од програмата "EU for municipalities". Една од активностите на проектот е формирање на Старт ап центар. Се разговараше за можноста за соработка при функионирањето на овој центар како и можностите за негово проширување во Акцелератор. Дополнително беше разговарано за воведување на нови форми на поддршка преку обуки, менторства и директна помош на новоформираните стартапи, како и грантови за приватни компании.

## ДОБРА КОМУНИКАЦИЈА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО ИНТЕРЕС НА ГРАДОТ

Остварени се повеќе средби со претставници од граѓанскиот сектор од повеќе области. Градоначалникот ги информираше за тековните проекти што се реализираат, како и за идните проекти и за активностите кои се преземаат за заштита на животната средина во текот на нивната реализација. Дискутирани беа и предлозите и идеите кои произлегоа од преставниците на граѓанскиот сектор.
Ваквите средби треба станувaат практика на Локалната самоуправа, бидејќи потребата за воспоставување на конструктивен дијалог е во интерес на граѓаните.



## ВОСПОСТАВУВАМЕ ДОБРА СОРАБОТКА СО ЈАВНАТА УСТАНОВА НАЦИОНАЛЕН ПАРК ГАЛИЧИЦА

Дискутирани беа можностите за подготвување на заеднички апликации во ЕУ фондовите и соработка во насока на зачувување на статусот на УНЕСКО и заштитата на Националниот парк.

Градоначалникот изрази подготвеност за целосно вклучување во сите процеси кои се однесуваат на градот.



## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КИРИЛ ПЕЦАКОВ ЈА ПОСЕТИ ПЛАНИНСКАТА СПАСИТЕЛНА СЛУЖБА

Градоначалникот Кирил Пецаков во придружба на Претседателот на Советот на Општина Охрид, Сашо Донев и Секретарот на Општина Охрид, Александар Китески оствари посета на Планинската спасителна служба.

Градоначалникот Пецаков се запозна со целокупната опрема и стручниот кадар со кои располага службата за спасување. На средбата со членовите на службата беше разговарано за тековните проекти како и за подготвеноста за делување на непристапен планински терен. Заеднички беше заклучено дека Службата за спасување на планина е од исклучително значење за подигнување на нивото на безбедност на планинарите во Охридскиот регион.

## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И ДЕЛ ОД СОВЕТНИЦИТЕ ВО ПОСЕТА НА КОСТАЛ

На покана на компанијата „КОСТАЛ", градоначалникот Кирил Пецаков и дел од советниците од Советот на Општина Охрид беа во посета на компанијата.







## ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ПЕЦАКОВ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ОХРИЃАНЕЦОТ КОЈ Е ДЕЛ ОД МАКЕДОНСКАТА „КАНТЕР СТРАЈК" РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Градоначалникот на Општина Охрид, Кирил Пецаков оствари средба со младиот охриѓанец Александар Ќулукоски, член на Македонската „Кантер страјк" репрезентација, која го освои првото место на Светското е-спорт првенство кое се одржуваше во Израел, во ноември минатата година. На средбата се разговараше за условите за развој на електронскиот спорт (е-спортот) во Охрид, како една нова спортска дисциплина која веќе доби и официјално признание од Агенцијата за млади и спорт, на ниво на нашата држава.

Градоначалникот Кирил Пецаков во името на Општина Охрид на младиот Ќулукоски му врачи еднократна парична помош од 30.000 денари како поддршка и мотив за поголеми успеси на понатамошните натпреварувања.

## *ФИНАНСИРАЊЕ ПРОГРАМИ ЗА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА, СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ, СПОРТИСТИ*

Градоначалникот на Општина Охрид донесе решение по јавен повик за распоредување на буџетските средства од програмата за спорт и рекреација од буџетот на општина Охрид за 2022 година за финансирање програми од спортски клубови, спортски здруженија, спортски манифестации, спортисти и други правни лица од областа на спортот на територијата на општина Охрид, со што општина Охрид ја изразува својата подготвеност за поддршка и развој на еден од најважните социјални елементи на нашето општество, спортот.




# ИЗБРАНИ НАЈДОБРИТЕ ОХРИДСКИ СПОРТИСТИ ЗА 2021 ГОДИНА

Се возобновува изборот на најдобрите спортисти од Охрид. На свечен настан градоначалникот Кирил Пецаков ги додели наградите за најдобрите во спортот во Охрид.

Наградите беа доделени на неколку спортисти во различни категории: Охридска спортска надеж (мажи)- Симон Петрески (карате); Охридска спортска надеж (жени)- Јана Димоска (атлетика); Спортист од друго населено место или странец кој настапува во екипа од Охрид- Јован Стојоски (атлетика);Спортист/ка од Охрид кој настапува надвор од територијата на Општина Охрид (двајца добитници) се Петар Бошалески (кошарка) и Габриела Модева (кошарка); Спортска екипа на годината- ГРК Охрид; Спортски подвиг на годината- Марко Пејчиновски (пливање); Спортска легенда за посебни заслуги во спортот (постхумно)- Алексо Огненовски (бокс) и Спортист на годината- Дејан Ангелоски (планинско трчање).

## ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА



# ПОДОБРИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

Насочени сме кон решавање на проблемите и потребите на граѓаните. Воведовме ново темпо на работа со кое обезбедуваме поголема функционалност и консолидација на јавните претпријатија.

### ЈП „ВОДОВОД“

WWW.VODOVOD-OHRID.COM.MK

### ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“

WWW.OHRIDSKIKOMUNALEC.COM.MK

### ЈП „НИСКОГРАДБА“

WWW.NISKOGRADBA-OHRID.MK

### ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“

WWW. BILJANINIIZVORI.MK

### ЈП „УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДСКИ ГРОБИШТА“

WWW.GRADSKIGROBISTAOHRID.MK

### ЈП „ГРАДСКИ ПАЗАР“

WWW.GRADSKIPAZAROHRID.MK

## ЈП „ВОДОВОД“



# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПРОЕКТИ

*Менџментот на ЈП „Водовод“ во текот на првите 100 дена од новата Локалана власт во Охрид, беше насочено кон консолидирање на претпријатието, анализа на постоечкиот долг и планирање на понатамошната работа, со цел да се обезбеди оптимално работење и испорачување на квалитетни услуги за граѓаните.*

**САНАЦИЈА НА ПЛОВАК ЗА РЕЗЕРВОАР ОД Ф300 ММ PN 10 БАР НА РЕЗЕРВОАР СТУДЕНЧИШТАНИСКО НИВО ОД 1000 М3.**

**НОВОИЗВЕДЕНИ ВОДОВОДНИ ЛИНИИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.11.2021 ДО 31.01.2022 ГОДИНА.**

- Изведба на водоводна линија на ул. „Ирена Мирка Гинова“ крак со профил 5/4 и должина од 40 метри во вредност од 23.258 денари.
- Девијација на водоводна линија ул. „Будва“ со профил Ф63мм и должина од 4,, во вредност од 10.898 денари
- Изместување на водоводна линија на крак на ул. „Дејан Војвода“ со профил Ф63мм и должина од 34м, во вредност од 95.210 денари
- Замена на водоводна линија на ул. „Брако Шотра“ со профил од Ф63мм и должина од 36м.
- Во моментот се работи на првата фаза од проектот за реконструкција на водоводот на ул. „Македонски Просветители“, каде што ЈП „Водовод“ го изведува системот за наводнување со профил Ф63мм.

**ИЗДАДЕНИ ПРИКЛУЧОЦИ ЗА ВОДОВОДНИ ЛИНИИ**

- Приклучоци на водоводна линија со профил 180мм 13
- Приклучоци и монтажа на нови водомери и евидентирање на нови водомери во станбени згради ½  ¾ 135

Вкупни 233 санирани дефекти и интевенции од оддел за водомерна работилница (поправка на водомери, промена на водомерни шибери, холендари, баждарење на водомери и сл.) во периодот од 01.11.2021 до 31.01.2022 година.

**ИЗВРШЕНИ 144 САНАЦИИ НА ДЕФЕКТИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.11.2021 ДО 31.01.2022 ГОДИНА.**

Поголеми интервенции на дефекти поради стари и дотраени цевки, разлика во притисок на вода и тектонски поместувања.

- Дефект на улица „Кленоец“ на ПВЦ цевка со профил Ф300мм
- Дефект на пресек помеѓу улица „Јане Сандански“ и улица „Галичица“ со профил Ф200мм
- Дефект во село Лескоец со профил Ф100 мм и
- Дефект на улица „15ти Корпус“ со пречник Ф63мм.





# ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“





# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПРОЕКТИ

*Првите 100 дена од работењето на новиот менаџмент на ЈП „Охридски Комуналец“ беа целосно посветени на потребите на охриѓани, подобрување на услугите и подигнување на јавната чистота на највисоко ниво. Обезбедено е одговорно и домаќинско работење кое ќе продолжи во континуитет во текот на наредните 4 години.*

**РАСЧИСТЕНИ 167 ДИВИ ДЕПОНИИ И ПОДИГНАТИ 672М3 КАБАСТ ОТПАД**

Преку посветена и организирана работа, екипите на ЈП „Охридски Комуналец“ за периодот од првите 100 дена, реализираа низа важни теренски активности за расчистување на диви депонии кои со години преставуваа проблем за животната средина. По 7 години се изврши целосно расчистување на големата депонија во населбата Далјан. Беа расчистени вкупно 167 диви депонии при што беа подигнати 672м3 кабаст отпад.

- *За споредба – Претходното раководство на јавното претпријати за една година, за период од ноември 2020 година до ноември 2021 година има подигнато само 844$м^3$ кабаст отпад.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА АКЦИИ ЗА ПОДИГАЊЕ НА КАБАСТ И ЗЕЛЕН ОТПАД

Изработен е годишен календар за подигање на кабаст и зелен отпад на територија на Општина Охрид. До сега се реализирани неколку најавени акции за подигање на кабаст отпад, при што се отстранети големи количини на секаков вид отпад (душеци, стар мебел, неисправна бела техника, теписони и сл.)

## НАБАВЕНИ 100 НОВИ ПЛАСТИЧНИ КОНТЕЈНЕРИ

Во насока на подигнување на хигиената и јавната чистота во градот и околината на повосоко ниво извршена е набавка на 100 пластични котејнери со рамен капак, со капацитет од 1100 литри.

## ЗА ПРВ ПАТ Е ВОВЕДЕН ДЕЖУРЕН ТЕЛЕФОН ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ СО ДЕПОНИРАЊЕ НА ОТПАД

На дежурниот телефон  075-495-428 граѓаните на општина Охрид, секој ден во седмицата од 07.00 часот до 21 часот можат да пријават проблеми околу собирањето на кабаст и зелен отпад, да пријавуват случаи на несоодветно депониран отпад и создавање на мини-депонии,



## ВОВЕДЕНА 24 ЧАСОВНА ЧУВАРСКА СЛУЖБА НА ДЕПОНИЈАТА „БУКОВО“

Поставени се фотоволтаични панели за потребите на чуварската служба на депонијата „Буково“ со што е надминат проблемот со немањето на соодветни услови за снабдување со електрична енергија. На овој начин е обезбедено непречено функционирање на 24 часовна чуварска служба. Исто така поставена е и рампа за влез и излез од депонијата.

## РАСЧИСТЕН ОДВОДЕН КАНАЛ ВО СЕЛО ВЕЛГОШТИ

Во соработка со ЈП „Водовод“ иврршено е расчистување и проширување на одводни канали во село Велгошти кој претставуваше долгогодишен и горлив проблем за жителите од околните станбени куќи.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЕКОЛОШКИ ЗДРУЖЕНИЈА

На иницијатива на ЈП „Охридски Комуналец“ се одржа состанок со претставници на невладини организации и еколошки здруженија. Целта на состанокот беше зголемување и проширување на меѓусебната соработка на полето на заштита на природата, обезбедување на повисоко ниво на јавна чистота во градот и околината. Во соработка со здруженијата се подготвуваат флаери за подигнување на свеста за заштита на природата и почиста животна средина.

## ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ЈУ НАЦИОНАЛЕН ПАРК „ГАЛИЧИЦА“

Со потпишувањена меморандумот за соработка воспоставен е прв чекор за соработка помеѓу јавното препријатие и националниот парк. Во иднина е планирано потпишување на меморандум за соработка и со невладини организации и еколошки здруженија со цел заштита на природата и одржување на чист и зелен Охрид.

## УСПЕШНО СПРАВУВАЊЕ СО СНЕЖНИТЕ ВРНЕЖИ

Со цел да се обезбеди навремено расчистување и поголема безбедност во зимски услови на коловозите, пешачките патеки и другите јавни површини на територија на општината беше извршена набавка 30 тона сол и 350м3 ризла.



Наградени се сите вработени во препријатието кои беа ангажирани на терен во активностите за чистење на снегот. Наградите за вработените ќе бидат пракса и во иднина со цел поголема мотивација и подобрување на условите за работење.

## ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА ВОДОВОДНА МРЕЖА ОД ПРОСТОРОТ НА ДИРЕКЦИЈАТА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“

По утврден дефект кој е констатиран пред 6 месеци од страна на екипите на ЈП „Водовод“ и доставени енормно високи сметки за потрошувачка на вода, ЈП „Охридски Комуналец“ со своја механизација изврши градежни активности со копање на водоводен канал и поставување на нови водоводини цевки во должина од 120 метри, со што се надмина овој проблем.

## ПОСТАВЕНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ВИДЕО НАДЗОР НА РЕ „МЕХАНИЗАЦИЈА“

Поставено е ново осветлување со 10 рефлектори и 16 надзорни камери во РЕ „Механизација“ со цел да се обезбедат подобри услови за работа, да се превенираат кражби и да се обезбеди поголема безбедност за вработените. Исто така, набавени се и два нови компјутери за истата работна едeница.

## НАМАЛЕНА ПОТРОШУВАЧКА НА ГОРИВО

За само 100 дена потрошувачката на гориво е намалена за цели 4000 литри нафта во споредба со претходните 3 месеци и 4500 литри нафта за истите 100 дена во претходната година.

- Се наметнува прашањето како претходниот менџмент со сосема истата механизација и исти возила направило потрошувачка од 1,5 тони нафта повеќе на месечно ниво.

## ОБЈАВЕН ТЕНДЕР ЗА ВАКЦИНАЦИЈА И ЧИПИРАЊЕ НА КУЧИЊА СКИТНИЦИ

После долг период направен е прв чекор за решавање на проблемот со кучиња скитници, а по добивање на позитивен исход од Агенцијата за храна и ветринарство ќе се отворат боксови за сместување на кучиња скитници и ќе се реши овој голем проблем на Охрид како туристичка дестинација.

- Нејасно е зошто претходниот менаџмент во периодот од 2020 година до 2021 година не го објавил овој тендер. (по анализа и консултација со тимот на јавни набавки, овој тендер последно бил објавен во 2019 година и не е реализиран)

## ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА СВЕДЕНИ НА МИНИМУМ

Раководството на ЈП „Охридски Комуналец“ за овие 100 дена има потрошено 4400 денари за репрезентација.



### НАМАЛЕН ДОЛГОТ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Од доаѓањето на новото раководство, долгот на ЈП „Охридњски Комуналец е намален за 2.514.850 денари, за неисплатени затекнати фактури од претхдното раководство. Пристигнуваат фактури и по 100 дена од претходно завршени работи или испорачана роба за период од 6 месеци, па дури и за подолг период. По основ на ново-пристигнати фактури и судски пресуди направени од минатото раководство долгот расте за околу 3 милиони денари.

- За споредба, претходното раководство на претпријатите на име на репрезентаицја  за 4 години потрошило 768.550 денариу или за сто дена во просек по околу 50.000 денари.

## ДОНАЦИЈА НА ОГРЕВНО ДРВО

Водени од принципите на хуманост и пружање на помош на оние на кои има е најпотребно, ЈП Охридски Комуналец во соработка со ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Охрид презеде активности за донација на огревно дрво на социјално загрозени семејства. Донирани се околу 70м3 огревно дрво на 26 семејства. Огревното дрво беше обезбедено од дрвјата кои беа отстранети при градежните зафати за реконструција на ул. „Македонски Просветители“.

- Се наметнува прашањето каде се сите дрвја донирани, продавани или подарувани од сите зафати кои ги има реализирано РЕ „Паркови и зеленило“ при ЈП „Охридски Комуналец“

## ДОНАЦИЈА НА ЦВЕТЕН РАСАД

Акцијата важи за сите државни и јавни институции кои дејноста ја обавуваат на територијата на Општина Охрид на кои им се доделуваат по 50 садници сезонски цветен расад од сопствено производство на јавното претпријатие. Целта е разубавување на дворовите, цветни катчиња и оплеменети простори, создавање на здрави животни навики и заштита на животната средина.

## ЈП „НИСКОГРАДБА“





# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПРОЕКТИ

*Целта на новото раководство на ЈП „Нискоградба“ е граѓаните на градските и приградските населби да бидат задоволни од услугите и начинот на кој препријатието ја исполнува својата визија и мисија. Воспоставен е стратепки план кој дава добра основа за успешно исполнување на сите обврски. Работењето на новиот менаџерски тим се базира на три аспекти*

- *Дефинирање на целта која треба да се оствари со минимум трошоци*
- *Свот анализа на сите позитивни и негативни страни како и можностите и предизвиците кои влијаат на остварување на целите*
- *Искористување на максимумот од раположливите ресурси*

**ЗАТЕКНАТА СОСТОЈБА:**

Долгот на претпријатието од околу 46 милиони денари
Тековна сметка со 3 милиони денари
Недомаќинско трошење на гориво (до месец октомври искористени сите залихи предвидени за цела тековна година)
Прекумерни трошоци по основ на прекувремени работни часови

**РЕАЛИЗИРАНО ЗА 100 ДЕНА**

Намалена потрошувачката на гориво за 50% во однос на претходните 3 месеци
Трошоци по основ на прекувремени работни часови се намалени за 20%
Долгот на ЈП е намален за 1 милион денари

**ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ**

- Изведба, нивелирање на шахти и промена на капаци во износ од 262.051 денари
- Санација на дефект на ул. „Железничка" во износ од 8.627 денари
- Изведба на пропуст (канал) во село Куратица во износ од 50.197 денари.
- Санирање на оштетени тротоарски и коловозни површини на територијата на Општина Охрид на булевар „Туристичка", улица „Бистрица", „Јане Сандански", „Галичица", „Даме Груев", „Радојца Новичиќ", „Винковачка", „Мирка Гинова", Абас Емин", „Будва", „Дејан Војвода", „Дебрца", „Сирма Војвода", „Париска Комуна", с. Долно Лакочерај и с. Лескоец во вкупна вредност од 400.000 денари.
- Тампонирање на улици кое вклучува ископ на земја и нејзин трансопорт до депонија и завршен слој на ул. „Дејан Војвода", две улици во село Лескоец и Буково во вкупна вредност од 200.000 денари.
- Одржување на вертикална сигнализација на територијата на Општина Охрид во вкупна вредност од 72.000 денари.
- Започнаа активности за партерно уредување на ул. „Корабица" во село Лескоец 270м2 бехатон.



- ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ПРОЕКТИ Е 2.124.185 ДЕНАРИ ПРИ ТОА СЕ НАМАЛЕНИ ТРОШОЦИТЕ ВО ПОГЛЕД НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ГОРИВО ЗА 20% И ЗА 11,4% ВО ПОГЛЕД НА ПРЕКУВРЕМЕНИ РАБОТНИ ЧАСОВИ НА ВРАБОТЕНИТЕ.

## ПОРАДИ ВРЕМЕНСКИТЕ ПРИЛИКИ И ПАНДЕМИЈАТА ПРОЕКТИ КОИ ЧЕКААТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА СЕ:

- Фекална канализација на ул „Живко Чинго" вкупна вредност од 93.273 денари.
- Фекална канализација на ул. „Петрино" во вкупна вредност од 162.861 денари.
- Фекална канализација во село Велгошти вкупна вредност од 519.942 денари.
- Чистење и санација на делови од атмосферска канализација на ул. „Рашанец" во село Лескоец Ф300мм со должина од 180м, со вкупна вредност од 716.632 денари.
- Поставување на цевки за кабелска канализација на ул. „Македонски Просветители" (Прва фаза Ф180мм со должина од 200м со вкупна вредност од 716.632 денари

# ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“





# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПРОЕКТИ

*Новото раководство на ЈП „Билјанини Извори“воведе нови позитивни практики и повисоки стандарди во функционирањето на претпријатието во насока на обезбедување на подобри услуги за граѓаните, спортските клубови и школи.*

### РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СЕВЕРНОТО ПОМОШНО ФУДБАЛСКО ИГРАЛИШТЕ

Започнаа подготвителни активности за реконструкција на северното помошно фудбалско игралиште. Оваа инвестиција е од големо значење за целокупната фудбалска заедница како и за градот Охрид бидејќи СРЦ „Билјанини Извори“ ќе добие уште еден фудбалски терен кој ќе биде од особено значење за дополнително привлекување на фудбалските тимови, а со тоа и развој на спортскиот туризам.

## НОВО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОМОШНИОТ ФУДБАЛСКИ ТЕРЕН СО ВЕШТАЧКА ТРЕВА

Започнаа подготвителни активности за поставување на осветлувањето на помошниот фудбалски терен со вештачка трева. Со оваа инвестицијата ЈП „Билјанини Извори ќе им овозможи на фудбалските школи и тимови своите тренинзи и подготовки да ги одржуваат и во текот на вечерните часови.

## НОВО ЛЕД ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО СПОРТСКАТА САЛА „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“

Извршена е замена на халогенското осветлување со лед осветлување во спортската сала „Билјанини Извори“. Со реализација на овој проект ќе се направи сериозна заштеда на електрична енергија која месечо ја сервисира ЈП „Билјанини Извори“ со оглед дека главен потрошувач на електрична енергија е токму спортската сала.

## ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДСКИОТ БАЗЕН „АТИНА БОЈАЏИ“

Согласно буџетот на Општина Охрид и предвидените финансиски средства ЈП „Билјанини Извори“ отпочна со подготвителни активности за реализација на проект за темелна реконструкција на градскиот базен „Атина Бојаџи“. Оваа инвестиција ќе овозможи подобри услови за сите љубители на пливањето како и посериозен исчекор кон развојот на пливачкиот спортски туризам.



## ПОГОЛЕМА ПРОМОЦИЈА НА СПОРТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Подготовка на план заедно со хотелиерската заедница од Охрид за заедничко делување во насока на афирмирање и промоција на спортската инфраструктура со која стопанисува ЈП „Билјанини Извори“.

## РЕДОВНА СОРАБОТКА И КОМУНИКАЦИЈА СО ФУДБАЛСКИТЕ ШКОЛИ

ЈП „Билјанини Извори“реализираше работна средба со сите фудбалски школи кои користат услуги на спортскиот центар. Состанокот се реализираше на иницијатива на претпријатието и на него присуствуваше градоначалникот на Општина Охрид, Кирил Пецаков. На состанокот се разговараше околу досегашната соработка со фудбалските школи како и околу идните планови и приоритети за заедничко делување.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ЗИМСКИ ПОДГОТОВКИ НА ФУДБАЛСКИ ЕКИПИ

СРЦ „Билјанини Извори“ ги обезбеди сите потребни услови за зимските подготовки на фудабалките тимови кои од година во година се повеќе се интересираат за користење на фудбалска инфраструктура. Оваа година со особено задоволство Охрид ќе биде домаќин на младинскиот фудбалски тим на ФК Црвена Звезда.

### ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ОТВОРЕНИТЕ СПОРТСКИ ТЕРЕНИ

Постојано се уредуваат на отворените спортски терени со кои стопанисува ЈП „Билјанини Извори“ со цел клубовите и спортските екипи од Охрид да имаат соодветни услови за реализација на своите подготвителни активности.

### АКТИВНОСТИ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГОТ

Вработените во Градски паркинг при ЈП „Билјанини Извори“ беа е активно вклучени во чистењето на снегот на градските тротоари.

### ПОДДРШКА ЗА ЛИЦАТА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

ЈП „Билјанини Извори“ традиционално пред новогодишните празници оствари посета на дневните центри „Зраци“ и „Доброљубие“, на здружението „Тајните на моето срце“ и посебната паралелка за деца со посебни потреби при ОУ „Свети Климент Охридски“.

## ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Вкупниот долг на јавното претпријатие изнесува 78 милиони денари. Од нив преку УЈП блокирани се извршни решенија во износ од 44 милиони денари додека вкупниот долг за комунални услуги е 25 милиони денари.

Евидентирани се две спорни постапки од страна на претходниот менаџмент, согласно потпишани договори и тие се поврзани со две јавни набавки и тоа јавна набавка од 2018 година со број 05-33/15 од 04.05.2018 во времетраење од две години и јавна набавка од 2020 година со број 05-747/6 од 20.10.2020 година. Двете набавки се поврзани со постапки за одржување на паркинг системот кој се користи за наплата на паркинг услугите. Спорна е висината на јавната набавка и висината на вредноста на фактурираните средства. Имено за првата јавна набавка од 2018 е со износ од 1.200.000 денари, а се фактурирани 4.500.000 денари, додека за втората јавна набавка од 2020 година, во износ од 1.000.000 милион денари, само за една година фактурирани се 4.200.000 денари.

## ЈП „УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДСКИ ГРОБИШТА“





# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПРОЕКТИ

*Новото раководство на ЈП „Градски гробишта“во првите 100 дена од работењето беше во целосна функција на обезбедување на подобри услуги за граѓаните и реализација на активности во соработка со Локалната самоуправа.*

### АКТИВНОСТИ ВО СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

- Санација на оштетени делови и партерно преуредување со бехатон и коловозни рабници на ул. „Јане Сандански“ (Комерцијална банка) и кружниот тек на пресекот со улица „Сирма Војвода“;
- Санација на оштетени делови и партерно преуредување со бехатон по должина на кејот;
- Санација на оштетените делови и преуредување со травентин и буќа на кружните текови на булевар „Тиристичка“ на крстосниците со улица „Јане Сандански“, улица „Македонски Просветители“ и улица „Пере Тошев“;
- Изработка и монтажа на метална мрежа за заштита од пластичен отпад во населба „Воска“;
- Партерно уредување со бехатон и бетонски рабници на патека на влез во ОУ„Живко Чинго“ во село Велгошти;
- Партерно уредување со бехатон и бехатонски рабници на црква „Свети Никола“ село Сирула;
- Монтажа на олуци во подрачно училиште во населба Далјан.

### ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

- Уредување и изведба на бетонски плочи, нивелирање и поплочување во кругот на претпријатието и во согласност со програмата за работа;
- Одржување на јавна чистота;
- Производство на бетонски плочи и парковски рабници за сопствени потреби;
- Активности за подигање и одлагање на шут на депонија.

# ЈП „ГРАДСКИ ПАЗАР“





# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПРОЕКТИ

*ЈП „Грдаски Пазар“по назначување на новото раководство од страна на новата Локална власт, во текот на првите 100 дена од работењето воведе нови принципи и нови норми за извршување на тековните активности како и поефикасна реализација на сите налози за извршување на градежни работи.*

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РАБОТА НА ПАЗАРИ**

Издадени продажни објекти во Зелен пазар во период од 15.11.2021 до 27.01.2022 година

- 125 тезги за продажба на земјоделски просиводи
- 41 тезга за продажба на бижутерија
- 5 тезги за продажба на јајца и сирење
- 4 штандови за продажба на текстил
- 7 деловни простории
- 14 плацеви пред дуќан и неизградено земјиште
- 1 јавен тоалет
- 9 мини пазари

Наплатата на пазаришната такса се извршува секојдневно, а висината на истата е одредена со ценовник, кој што е донесен од страна на УО и Советот на Општина Охрид

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТРУЧНИ ТЕХНИЧКИ РАБОТИ

Во соработка со Фондот за комунален развој при Локалната самоуправа преземени се повеќе активности за одржување на јавни површини и објекти на територијата на Општина Охрид.

Вкупните приливи по основ на градежни активности во период од 15.11.2021 до 27.01.2022 година изнесуваат 2.428.659 денари.

1. Градежни активности кои се довршуваа и од истите ЈП има прилив односно наплатени побарувања во износ од 336.490 денари
    - Санација на детско игралиште „Стобекс"
    - Санација на детско игралиште кај маркет Бозо
    - Изработка на држачи за велосипеди и санација на клупи

2. Нови започнати и завршени градежни активности и од истите ЈП има побарувања од Општина Охрид во износ од 880.568 денари.
    - Санација на Детско игралиште во ОУ „Григор Прличев"
    - Санација на Детско игралиште во населба „Радојца Новичиќ"
    - Изработка и санација на детски реквизити, клупи и држачи на велосипеди ОУ „Братство Единство" објект „7ми Ноември"
    - Изработка и санација на детски реквизити, клупи и држачи на велосипеди ОУ „Братство Единство" објект „Лескајца"
    - Санација на детско и спортско игралиште, населба „Гоце Делчев"
    - Поставување на механички препреки (100 пластични столпчиња) на сообраќајници во градот



3. Започнати нови проекти, за кои се склучени договори за работа, кои се во фаза нан изработка во износ од 1.211.601 денар.
    - Санација на детски реквизити во населба „Далјан"
    - Изработка на настрешница за контејнери за отпад во ОУ „Христо Узунов"
    - Изработка на ограда ОУ „Григор Прличев"
    - Изработка на ограда на детско и спортско игралиште во населба „Радојца Новичиќ"

## ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО ВО ПЕРИОД ОД 15.11.2021 ДО 27.01.2022 ГОДИНА

- Приходи по основ на дулија 244.440 денари
- Приходи по основ на паркинг услуга 223.830 денари
- Приходи по основ на договори за закуп на тезги на земјоделци 848.295 денари
- Побарувања по основ на договори за закуп на тезги, бижутерија и текстил 496.377 денари
- Приходи по основ на издавање на урбана опрема типизирани куќарки во износ од 80.506 денари
- *Вкупните приходи од закупнина и паркинг услуги изнасуваат 1.893.448 денари
- *Побарувања од градежните активности изнесуваат 2.428.659 денари

ВО ПОГЛЕД НА ОБВРСКИТЕ КОН ДОБАВУВАЧИТЕ ВО ПЕРИОДОТ 15.11.2021 ДО 27.01.2022 ГОДИНА ЈП „ГРАДСКИ ПАЗАР“ СЕ ЗАДОЛЖИЛО ВО ИЗНОС ОД 521.978 ДЕНАРИ

- Во законски предвидени рокови извршена е пресметка на плаќање на обврските по основ на ДДВ заклучно со 31.12.2021 година
- Обврски по основ на плата се целосно исплатени за 2021 година
- Исплатени се заостанатите паушали на НО и УО за месеците февруари ии март 2021 година
- ЈП „Градски Пазар“ во месец декември изврши исплата на јубилејни награди на вработените кои во ЈП се со непрекинат работен однос во траење од 10 и 20 години. Вкупниот износ на јубилајните награди е 86.000 денари
- По основ на новогодишен бонус беа исплатени средства на вработените во претпријатието во износ од 4.000 денари по вработен или вкупно 159.000 денари.
- *Паричните средства со кои располага ЈП „Градски Пазар“ на ден 27.01.2022 година изнесува 242.120 денари.





*ОПШТИНА ОХРИД - Единица на локална самоуправа*
*"Димитар Влахов" 57, 6000 Охрид*
*Република Македонија*
*тел.: +389 46 262 492 +389 46 262 493*
*П.фах 125*
*e-mail: protocol@ohrid.gov.mk*
*odnosisojavnost@ohrid.gov.mk*

**ОХРИД, 2022**

WWW.OHRID.GOV.MK